Архивски број: 08-119/1
23.01.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-644/1 од 2.9.2025 година поднесена од ---------, против Министерство за ---------, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за --------- кон --------- врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-644/1 од 2.9.2025 година, од страна на --------- против Министерство за ---------, за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен во --------- од 23.4.2003 година како ---------, а од --------- како ---------.

На ден 25.5.2025 година од страна на --------- бил распишан Оглас бр. --------- за пополнување на упразнето место ---------, за кој како услов за конкурирање бил предвиден Факултет за безбедност, Правен или Економски факултет. Подносителот на претставката се пријавил на огласот на ден 27.5.2025 година со деловоден број ---------. Наведува дека има завршено Факултет за безбедност при УКИМ Битола- Идризово, Скопје со 240 кредити и стаж како --------- од 5 години и 4 месеци, а притоа секогаш кога имало потреба како --------- тој бил замена, и тоа подолг временски период, а работата секогаш била завршувана професионално и без никаков проблем.

На почетокот на месец август 2025 година со решение за погоре наведеното работно место бил примен --------- кој директно од --------- станал ---------, притоа прескокнувајќи го местото ---------, без искуство како --------- и со завршено образование на Славјанскиот Универзитет во Битола, за кој истакнува дека од 19 универзитети во државата, се наоѓа на 19-тото место.

Подносителот на претставката смета дека му е нанесена неправда со неговото неизбирање како кандидат на огласот и дополнително поради тоа што сè до моментот на поднесување на претставката не му било доставено образложение за неговиот неизбор со цел да може да поднесе приговор на истото.

Последно, истакнува дека е нејасно како идните --------- би ги мотивирало самото министерство своето образование да го стекнат на соодветните факултети, кога патот до професионализација на --------- е преку деградирање на кадрите на Факултетот за безбедност, форсирање на приватните факултети и непочитување на системот за кариера со прескокнување на работни места од --------- службеници.

Подносителот на претставката се има обратено и до --------- и до Народниот Правобранител на Република Северна Македонија.

Од причина што во претставката не беше наведен основот за дискриминација врз кој подносителот го темели неговото тврдење за сторена дискриминација, Комисијата на ден

11.9.2025 година испрати Барање бр. 08-644/2 за доуредување на претставката до подносителот, со кое го упати да ја доуреди претставката во насока што ќе ја наведе основата за дискриминација. Заради полесно постапување по Барањето од страна на подносителот, Комисијата во прилог му достави Образец за претставка.

На ден 24.9.2025 година подносителот достави пополнет Образец за претставка како доуредување на неговата претставка до Комисијата, заведен под бр. 08-644/3.

Во своето доуредување, како основа за дискриминација го наведува образованието, односно напредувањето во кариера.

<u>Во прилог на доуредувањето достави</u>:

- Известување ---------
- Известување за покренување на постапка НП бр. --------- од Народниот Правобранител
- Известување по интерен оглас ---------.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 31.10.2025 година испрати Известување бр. 08-644/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за ---------.

На ден 1.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување --------- од 27.11.2025 година од Министерството за --------- како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-644/5.

Во произнесувањето од Министерството за --------- информираат дека претставката се однесува на изборот на кандидатот ---------, за работно место под точка 1 од интерниот оглас --------- од 26.5.2025 година.

Имено, постапувајќи по барање за распишување на интерен оглас од ---------, објавен бил интерен оглас --------- од 26.5.2025 година за следните работни места: ---------.

За наведениот интерен оглас биле доставени 6 пријави, меѓу кои и пријавата на подносителот на претставката- ---------, и тоа за работното место под точка 1 од огласот, ---------.

Согласно член 120 став 1 од Законот за ---------, унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.

Понатаму во член 126 став 1 алинеја 5 од Законот за --------- е утврдено дека работник може да биде унапреден на друго работно место доколку е распореден на работно место кое е најмногу до три работни места пониско од работното место на кое се унапредува.

Комисијата за распоредување и унапредување на --------- одржала работен состанок на кој донела одлука за избор.

Во однос на критериумите со кои е избран кандидатот за работното место ---------, известуваат дека селекција и избор на кандидатите кои аплицирале на интерните огласи врши надлежна комисија формирана со решение од страна на министерот.

Притоа, при донесување на одлука за избор на кандидат, надлежната комисија има право согласно член 19 од Правилникот за селекција на кандидати да врши увид и да има пристап во сите документи и податоци од персоналните досиеја на кандидатите за распоредување, односно унапредување со цел утврдување дали кандидатите ги исполнуваат условите за распоредување, односно унапредување утврдени со Законот за --------- и условите утврдени со актот на систематизација за конкретното работно место.

Во однос на нивото на работно место на кое бил унапреден ---------, известуваат за следното:

Согласно член 11 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за --------- е утврдено дека „Овластено службено лице кое работи на работно место во категорија Ж и Е и кое во текот на процесот на развој на кариера се стекнало со високо образование може да биде унапредено на работно место од категории Г, Д и Ѓ, ако ги исполнува условите за унапредување на друго работно место согласно закон".

Во конкретниот случај, --------- од работно место --------- со категорија „Ж" бил унапреден на работно место --------- со категорија „Ѓ".

Притоа, согласно актот на систематизација на работните места во Министерството за ---------во рамките на --------- предвидени работни места со високо образование во категорија Ѓ се следните:

- ---------
- ---------.

Во член 48 став 1 алинеја 1 од Законот за --------- е утврдено следното:
„Распоредување, односно унапредување на работниците во Министерството се врши согласно со Класификацијата на работните места, при што се имаат предвид:

- видот на работно место од кое работникот се распоредува или унапредува, односно видот на работното место на кое работникот се распоредува или унапредува;
- видот на организациската единица во која е систематизирано работното место од кое работникот се распоредува или унапредува, односно видот на организациската единица во која е систематизирано работното место на кое работникот се распоредува или унапредува".

Во врска со наведеното, истакнуваат дека е неспорно дека избраниот кандидат во конкретниот случај е унапреден на работно место повисоко за две работни места.

Во однос на наводите дека подносителот на претставката не добил писмено образложение за причините поради кои не бил избран, известуваат дека во член 24 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување и член 66 од Колективниот договор на ---------, утврдено е дека сите кандидати кои се пријавиле на интерниот оглас, а не се избрани, писмено се известуваат. Притоа, во цитираните акти не се предвидени одредби за формата и содржината на известувањето, односно дека истото треба да ги содржи причините поради кои не е или е извршен избор, ниту пак податоци за избраниот кандидат.

Од страна на --------- било доставено Известување бр. --------- од 3.9.2025 година до подносителот на претставката ---------, со кое бил известен дека не е избран за работното место на кое аплицирал.

Воедно известуваат дека за сето горенаведено до --------- било доставено Известување бр. --------- од 12.9.2025 година.

<u>Во прилог на произнесувањето беа доставени</u>:

- Копија од --------- од 26.5.2025 година
- Копија од Решение за унапредување бр. --------- од 5.8.2025 година за ---------
- Копија од пријава од --------- бр. --------- од 26.5.2025 година
- Копија од известување и мислење бр. --------- од 26.5.2025 година од ---------
- Копија од пријава од --------- бр. ---------од 27.5.2025 година
- Копија од известување и мислење бр. --------- од 26.5.2025 година од --------
- Копија од известување бр. --------- од 3.9.2025 година од --------- за ---------
- Копија од известување до Народен правобранител бр. --------- од 14.10.2025 година
- Копија од известување од --------- до --------- бр. --------- од 12.9.2025 година во врска со поднесената претставка
- Копија од известување од --------- до --------- бр. --------- од 16.9.2025 година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и севкупно доставените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката се жали на неговиот неизбор на интерен оглас бр. --------- од 26.5.2025 година за работното место --------- во ---------.

Имено, по барање за распишување на интерен оглас од ---------, бил објавен интерен оглас --------- од 26.5.2025 година за следните работни места: ---------.

За наведениот интерен оглас биле доставени 6 пријави, меѓу кои и пријавата на подносителот на претставката- ---------, и тоа за работното место ---------.

Од страна на министерството била формирана Комисија за распоредување и унапредување на ---------, која одржала работен состанок на кој донела одлука за избор. На интерниот оглас за работното место под реден број 1 бил избран кандидатот ---------, кој со изборот бил унапреден од работно место --------- со категорија „Ж" на работно место --------- со категорија „Ѓ" со Решение бр. --------- од 5.8.2025 година. Притоа, неспорно е дека избраниот кандидат бил унапреден на работно место кое е повисоко за две работни места од она од кое бил унапреден.

Во врска со изборот, од страна на --------- било доставено Известување бр. --------- од 3.9.2025 година до подносителот на претставката, со кое тој бил известен дека не е избран за работното место на кое аплицирал.

Видно од доказите доставени кон произнесувањето, и тоа Пријава од ---------бр. ---------од 26.5.2025 година и Пријава од --------- бр. --------- од 27.5.2025 година, избраниот кандидат има VI Б степен на образование, односно стекнати 180 кредити според ЕКТС на Правниот факултет при Меѓународен Славјански Универзитет- Свети Николе, работно искуство од 37 години, а неговото работно место во моментот на пријавување на огласот било ---------, категорија Ж. Во однос на наградите, кандидатот има наведено дека има добиено награди, благодарници и признанија, како и плата во зголемен износ, но исто така имал и казнувања, односно плата во намален износ и изречена дисциплинска мерка.

Подносителот на претставката, пак, има стекнати 240 кредити според ЕКТС на Факултетот за безбедност- Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, работно искуство од 22 години, а неговото работно место и ниво во моментот на пријавување на огласот било ---------, категорија Ѓ. Во однос на наградите, кандидатот има наведено дека има добиено награди, благодарници и признанија, како и плата во зголемен износ, а дека немал казнувања, односно плата во намален износ и изречена дисциплинска мерка.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Во конкретниот случај, подносителот на претставката се жали на неговиот неизбор на интерен оглас бр. --------- од 26.5.2025 година за работното место ---------, и тоа поради неговото образование, а споредено со избраниот кандидат на интерниот оглас.

Видно од доставените докази, двајцата кандидати имаат стекнато високо образование, со таа разлика што подносителот на претставката има стекнато 240 кредити според ЕКТС на Факултетот за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, кој претставува *јавна* високообразовна установа, додека пак избраниот кандидат стекнал 180 кредити според ЕКТС на Правниот факултет при Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р. Државин" – Свети Николе, односно на *приватна* високообразовна установа. Двата факултети, односно универзитети претставуваат акредитирани високообразовни установи во Република Северна Македонија и во тој поглед објавениот интерен оглас не прави дистинкција помеѓу тоа каде, односно на која установа кандидатот го стекнал своето образование, туку единствено го пропишува потребниот степен и вид на образование.

Согласно законската дефиниција на дискриминација, еден од елементите на дискриминација е постоење на соодветен компаратор, односно лице или група на лица во иста или слична ситуација, споредено со кој на подносителот му е пружен понеповолен третман. Дополнително, потребно е понеповолниот третман да биде заснован на некоја дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика на оној кој го изнесува тврдењето за дискриминација. Во овој случај, Комисијата утврди дека не постои релевантна дискриминаторска основа која ги разликува подносителот на претставката и наведениот компаратор, од причина што она што подносителот го наведува како своја карактеристика, а тоа е образованието, е еднакво присутно и кај компараторот. Оттука, не може да се воспостави каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и направениот избор по интерниот оглас или неизборот на подносителот на претставката, со што не може да стане збор ниту за нееднаков третман, односно дискриминација.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------